СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 2521/2023

Дата: 12-12-2023

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 18. 12. 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / N. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlera |
| 67 - | 1583 | /19 | |

До: Министерство за транспорт и врски
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Мислење по Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животна средина
Врска: ваш бр. 67-1583/16 од 22.11.2023 год.

Почитувани,

Во врска Ваше барање на Мислење бр. 67-1583/16 од 22.11.2023 год., доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **арх.бр. УП1-15 2521/2023 од 24.11.2023 год.**, во однос на доставениот **Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 25, КП бр. 27/2, КП бр. 40, КП бр. 41, КП бр. 46, КП бр. 47, КП бр. 57, КП бр. 70, дел од КП бр. 83, КО Доброша, КП бр. 646, КП бр. 647, КП бр. 648, КО Криви Дол – Општина Штип,** Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по истиот го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 25, КП бр. 27/2, КП бр. 40, КП бр. 41, КП бр. 46, КП бр. 47, КП бр. 57, КП бр. 70, дел од КП бр. 83, КО Доброша, КП бр. 646, КП бр. 647, КП бр. 648, КО Криви Дол – Општина Штип е изработен согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, и тоа:

- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 114/07);
- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11); и,


Министерство за животна срединаи просторно ланирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk
CamScanner

- Правилник за составот на комисијата и начинот на нејзината работа, програмата и начинот на полагање на стручниот испит, висината на надоместокот за полагање на стручниот испит и на надоместокот за воспоставување и одржување на листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина и начинот на стекнување и губење на статусот на експерт за стратегиска оцена на животната средина, као и начинот и постапката за вклучување и исклучување од листата на експерти ("Сл.весник на РМ" бр. 122/11) .

Стратегиска оцена на животната средина следејќи ги одредбите за содржината на Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 25, КП бр. 27/2, КП бр. 40, КП бр. 41, КП бр. 46, КП бр. 47, КП бр. 57, КП бр. 70, дел од КП бр. 83, КО Доброша, КП бр. 646, КП бр. 647, КП бр. 648, КО Криви Дол – Општина Штип, ги обработува следните теми:
- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблемите од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитати;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во предходните точки; и,
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски.

Во контекст на понапред изнесеното, Ве информираме дека доставениот Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП бр. 25, КП бр. 27/2, КП бр. 40, КП бр. 41, КП бр. 46, КП бр. 47, КП бр. 57, КП бр. 70, дел од КП бр. 83, КО Доброша, КП бр. 646, КП бр. 647, КП бр. 648, КО Криви Дол – Општина Штип, Министерството за животна средина и просторно планирање **го прифаќа** и процесот на спроведување на стратегиска оцена на животната средина треба да продолжи согласно Законот за животна средина и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Со почит,

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изработил: Зарије Абази
Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна срединаи просторно ланирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

CamScanner